**НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА МУЗЕЈ КУМАНОВО**

# ТОМЕ БУНДОВСКИ

ИЗЛОЖБА НА СЛИКИ И ЦРТЕЖИ

СВЕЧЕНО ОТВОРАЊЕ - 10.12.2007 година, во 19..30. часот

**Томо Бундовски** е роден 1953 година. На Факултетот за ликовна уметност дипломирал 1984 година, во Скопје, во класата на проф.Петар Хаџи Бошков.Специјализира во Рим и Фиренца, на Академијата **:Belle arte”,** кај скулпторот Бруно Либераторе.Студиски патувања остварил во повеќе европски земји:Италија, Австрија,Германија, Франција, Холандија, Бундовски реализирал повеќе од триесетина самостојни изложби на скулптури и слики во Македонија и Европа.Учествувал на бројни ликовни колонии.Добитник е на ДЛУМ-овите награди за скулптура Димо Тодоровски и Јордан Грабул, како и наградата за животно дело на Симпозиумот во Прилеп, за монументална парковска скулптура. Член е на ДЛУМ. Неговиот творечки опус опфаќа двеиполдецениски континуитет со обилна и разнообразна продукција, со избор на материјали: од најразлични видови камен, мермер,гранит,полугранит и најблагородни видови дрво.

**Tome Bundovski** was born in Skopje in 1953. Graduated in 1984 on the Faculty of art in Skopje, in the class of Professor Petar Hadzi Boskov.Specialization in Rome and Florence, at the "Belle arte" academy, with the sculptor Bruno Liberatore. Numerous study trips to Italy,Austria,Germany,France,Netherlands ...Realization of more than thirty solo exhibitions of sculptures and paintings in Macedonia and Europe.Participant of numerous art colonies.Winner of "DLUM"- awards, the "Jordan Grabul", the Dimo Todorovsky award for life achievement,and an award for monumental garden sculpture on two Symposiums in Prilep.

He is a member of "DLUM".His creative opus embraces two and a half decades of continuity of abundant and diverse production from most different types of materials: stone, marble, granite, semi granite and the finest types of wood.

# КОН ИЗЛОЖБАТА НА ТОМО БУНДОВСКИ ВО НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА МУЗЕЈ КУМАНОВО,

**декември 2007 година**

Во двеиполдеценискиот творечки опус на Томо Бундовски посветен паралелно на скулптурата и на сликарството, можеме да проследиме постапна повеќекратна стилска и изразна преобразба.Академизмот и определбата за класичен хеленистички портрет се трансаформира во надреалното со запазени елементи на симболизмот и метафизичкото во атмосферата,дури и во доближувањето до експресионизмот.
Томо Бундовски стилската дисперзија ја запира во последната фаза со една подолга преокупација во духот на сопственото кредо Ђ посветеност на контемплативното.

Реалното е толку сурово реално што го восприемува карактерот и димензиите на надреалното,како рефлексија и инкарнат на ова време на сеопшта алиенација и ентропија, декаденција и деградација на сите вредности, особено на духовните, моралните ,етичките и естетските. Светот и светогледот на уметникот е се повеќе интровертен,длабоко резигниран,еманира засенчување,подвојување,дистанца од окружувањето,повлекување во себе.

Болката и страдањето длабоко впиени се сеприсатни иако навидум потиснати. Тие се оној Длабок Молк на Уметникот.Нем говор.Нема повеќе крик, ниту вресок.Нема дисперзија на формата.Таа останува монолитна и компактна, деперсионализирана. Без декларатороско афектирање ниту стремеж за допадливост. Со контемплативна воздржаност,интелектуална стаменост и длабоко истрајна посветеност на светото кредо на длабокиот, а сепак кревок лирски сензибилитет кој прозвучува од скрамата на привидот и недофатливо провева во флуидот. Со превез на контемплативното не води до апстрактно проектираното.

Сепотребата од Присатност и исполнетост со емотивна Допреност е еквивалент на Постоење.Студенилото на оддалеченоста и подвоеноста прозвучува во нас, како онаа длабока темна сенка од Адаѓото на Албињони која не води се подлабоко во слоевитоста на болката, во бездната на страдањето. Навидум плошно предадени сугестивно ја доловуваат проекцијата на Осамата, Подвоеноста, Страдањето. И не се веќе потрага по блесокот на надежта и Илузијата. Тие се тивка меланхолија и длабока резигнација.

Доближувањето до префинетата гама во духот на Модиљани во се повеќе инвентивните колористички истражувања, како да ги облагородува и лирски спитомува стамените скулптурално вообличени протагонисти, сеприсатни или отсатни во релативитетот на Привидот во временското и просторно опстојување и интерполација во еден поширок хроматски растер и во хармонизираните соодноси на зеленото и синото, окерното и розикавото; без еуфоричност и патетика, без претенциозност и стремеж кон естетизирање.

Подвоени, оддалечени и окаменети во студенилото на неприпадноста и на Осамата, во длабоката меланхолија, разочарување, резигнација, во тагата, во болката,во страдањето, во мисленоста, скулптурално стилизирани, мултиплицирани, со интерполирани соодноси, укажуваат на тавтолошкото, со перспектива на безизлезноста, на егзистенцијалниот и духовниот лавиринт. На психолошкото, емотивно, духовно раслојување.Укажуваат на разнебитувањето. На психоделичноста на секојдневието.Обезличени, без идентитет, укажуваат на апсурдот на обезличеното битисување до самопоништување.

*Декември, 2007*


***Виолета Елизабета Крстиќ***
*Превод на англиски јазик:*
***Станко Крстиќ***

## Towards Tome Bundovski's exposition in Kumanovo, 2007

In Bundovski's two and a half decade artistic opus, dedicated in parallel to sculpture and painting, we can trace a gradual and multiple metamorphosis in style and expression. The academism and determination for the classical Hellenistic portrait transform to the surreal together with existing elements of symbolism and the metaphysical in the atmosphere, even in the approach to expressionism.

Bundovski stops the dispersion of style in this last phase of a prolonged preoccupation in the spirit of his own credo- a dedication to the contemplative.

The realistic is so brutally real, that it accumulates the character and the dimensions of the surreal, particularly in this time of general alienation and entropy, decadence and degradation of all values, especially of the spiritual, moral, ethical and esthetical... The artist's world, or his view over the world, is more and more introvert, in deep resignation, it emanates shadowing, dividing, distance from the surrounding, a withdrawal in one's self.

Pain and the suffering, deeply absorbed, are all-present although seemingly suppressed. They are that Deep Silence of the artist. A mute speech. There is no further cry, nor howl. No dispersion of form. It remains monolithic and compact, depersonalized. Without a declaratory affection, nor an urge for being liked. With a contemplative resentfulness, intellectual statute and a deeply persistent devotion to the holy credo of the deep, but still meek lyric sensibility that echoes from the layer of the seeming and unreachably streams in the fluid. With a veil of the contemplative, leads us to the abstractly procreated.

The all-need of a Presence and completeness with emotional Motion is the equivalent to Existence. The cold of distance and separation echoes trough us as that deep and dark shadow of Albinoni's Adagio that leads us deeper into the strata of pain, the abyss of suffering. Seemingly completely devoted, they depict the projection of the Loneliness, Separation and suffering. Not further are they a quest for the shine of hope and illusion. They are a silent melancholy and deep resignation.

The approach to a refined gamma in Modigliani's spirit in the more inventive colorist research is as gracing and lyrically taming the corpulent sculpturally defined protagonists, all- present or absent in the relativity of the Seeming, in the timely and space existence and interpolation.

Into a wider chromatic raster and in the harmonized ratios of the green and blue, ochre and rose, without euphoria and panic, no pretension or tendency for estheticizing.

Separated, distanced and stoned in the coldness of the non- belong and of the Loneliness, in the deep melancholy, deception, resignation, in the grief, the pain, in the suffering, in conceiving, sculpturally stylized, multiplied, with interpolated ratios, they point out to the tautological, from a non- solution perspective, from the existential and spiritual labyrinth to the psychological, emotional, spiritual disjunction. They point to a dismantlement of the being, to the psychedelic everyday. Without identity they point to the absurd existence up to self-negation.

November 2007, Violeta Elizabeta Krstic

Translation: Stanko S. Krstic

**Издавач:** Национална установа Музеј Куманово

**За издавачот**: Јовица Станковски, директор

**Предговор** : Виолета Е.Крстиќ
**Превод на англиски**: Станко.С.Крстиќ
Организација на изложбата: Перо Величковски и Катерина Јакимовска
**Печати:** Печатница БС

**Декември,2007**